Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-231/3
13-11-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-231/1 од 19.02.2025 година, поднесена од Здружение на ------- Скопје против ------- од с. ------- - Кавадарци за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА сексуално вознемирување сторено од страна на ------- од с. ------- - Кавадарци во областа на јавно информирање и медиуми кон жени од бугарска етничка припадност.

СЕ УТВРДУВА повторено поттикнување на интерсекциска дискриминација врз основ на национална и етничка припадност и пол сторено од страна на ------- од с. ------- - Кавадарци во областа на јавно информирање и медиуми кон жени од бугарска етничка припадност.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 19.02.2025 година е доставена претставка бр. 08-231/1 од страна на Здружението на ------- Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми врз граѓани на Р. С. Македонија со бугарско национално самосознание од страна на ------- преку направена објава од негов личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK".

Имено, ------- на ден -------.2025 година, на својот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK", објавил објава „(post)" со содржина „Само бугарките можат да измолзат млеко од бивол!!! За две червени, секако.". Кон така објавениот текст е приложена и фотографија од млечен продукт со натпис на бугарски јазик, кој во превод на македонски јазик гласи: „Кисело млеко од бивол 6,0%".

Наведено е дека таквата објава има 364 реакции -- допаѓања, 13 коментари и 8 споделувања. Подносителот наведува дека пријавениот со таквата објава на социјалната мрежа има за цел да навреди, да изврши вознемирување на вулгарен начин, врз основа на потекло, национална и етничка припадност кон сите бугарски жени користејќи комунистичко Југословенска реторика за наводно плаќање на проститутки, со цел навреда на нивниот морал. Понатаму, подносителот истакнува дека со наведената објава (post) на социјалната мрежа-FACEBOOK пријавениот шири омраза, вознемирува и навредува, употребувајќи говор на омраза кон претставниците на бугарскиот народ, македонските бугари, бугарските жени и женскиот пол

генерално, со што поттикнува омраза, раздор, нетрпеливост со што повикува на дискриминација согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врши и вознемирување согласно член 10 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност конкретно кон граѓаните на Р.С.Македонија со бугарско национално самосознание со повреда на нивното достоинство, така што истиот ги дерогирал одредбите за заштита на основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот и меѓународните правни акти ратификувани од Собранието на РСМ. Подносителот наведува и дека „именуваниот ------- врши повторена дискриминација согласно член 4 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација врз граѓаните со бугарско самосознание, имајќи во предвид дека на ден 31.05.2024 година и 25.09.2024 година, имало веќе поднесени претставка против ------- до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поради истите законски основи. Следствено, подносителот Здружението ------- Скопје и предлага на Комисијата да донесе мислење, со кое се утврдува вознемирување, врз снова на потекло, национална и етничка припадност, со препорака лицето -------, во иднина да не објавува навредливи содржини кои повикуваат и поттикнуваат дискриминација, односно вознемирување, јавно да се извини на својот профил на социјалната мрежа-FACEBOOK за навредливата содржина и истата да ја отстрани.
Кон претставката е наведена и интернет врската од спорната објава:
-------, како и „принт скрин" од истата.

Комисијата уредно преку пошта достави Барање бр. 08-231/2 на 19.03.2025 година, до -------, со цел согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, истиот да се изјасни за наводите содржани во претставката.

Именуваниот, во предвидениот рок не се изјасни по однос на наводите во претставката.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во смисла на член 5 од истиот закон, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 4 став 1 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повторена дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи.

Интерсекциска дискриминација, согласно член 4 став 1 точка 13 од истиот Закон е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани.

Во согласност со член 9 од Законот, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Сексуално вознемирување, согласно член 10 став 2 од Законот, е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Согласно член 13 од законот, како потежок облик на дискриминација, во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката, како и содржината на објавата утврди ------- сторил сексуално вознемирување и поттикнување на интерсекциска дискриминација врз основа на национална и етничка припадност и пол, како потежок облик на дискриминација.

Комисијата анализирајќи ја објавената содржина, утврди дека лицето ------- во смисла на член 10 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација сторил сексуално вознемирување врз подносителката. Истото го направил на начин што објавил содржина со наратив од сексуална природа комплементарно на фотографија приложена кон текстот на објавата, правејќи  неосновано обопштено карактеризирање на група на лица преку истакнување на штетни сфаќања за истите, односно за жени од бугарска национална и етничка припадност. Со тоа именуваниот предизвикал повреда на достоинството на овие лица и создал понижувачка средина, со што сторил сексуално вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми врз жени од бугарска етничка припадност.

Следствено, со промовирањето на таквиот стереотип за жените од бугарска етничка припадност, авторот предизвикал, односно поттикнал негативна дискусија. Истото дека е овозможено е видно од коментарите под неговата објава, каде охрабрени од истата повеќе лица дополнително дале коментари со сексуално вознемирувачка содржина. Имено, одредени коментари гласеле: „Да му бричиш стапот Вистината те вреѓа? Ние се рушивме од дупење татарки за две црвени, и правевме македончиња“, „ги измелезивне и сегапо обичај си е барет татковината ние сме криви“, „Убав спомени Се изнадупивме татарки“, „Тука во Франкфурт се номер едно ! Случат като за Светско првенство во молзење биволи!“, „ИСПРАКСИРАНИ СЕ ВО ГЕНИТЕ МУЕ“ итн. Со тоа истиот во смисла на член 9 од горенаведениот Закон, сторил поттикнување на дискриминација во форма на сексуално вознемирување од други лица, а видно од коментарите кон објавите.  Притоа, Комисијата во предвид го зеде и фактот што лицето ------- е позната јавна личност и истиот на неговиот личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ има околу дваесет и две илјади (22 000)

следачи, со што ваквата објава може да се поистовети со објава во јавен медиумски простор.

Дополнително на наведеното, Комисијата го зеде во предвид и фактот што постапувајќи по претходна претставка против истото лице, за објава со ист или сличен наратив веќе има утврдено поттикнување на дискриминација врз основ на истите дискриминаторски основи врз истата група на лица со Мислење бр. 08-471/1 од 13.05.2025 година. Па оттука, утврди дека со објавата на -------.2025 година, од својот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK", лицето ------- сторило повторена дискриминација во смисла на член 4 став 1 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.

Врз основа на донесеното мислење, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната:

ПРЕПОРАКА

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА на ------- од с. ------- – Кавадарци, во рок од 30 дена од денот на добивањето на ова мислење да ја избрише спорната објавена содржина на -------.2025 година, од неговиот личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" и за истото да ја извести Комисијата.

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА на ------- јавно да се извини на лицата од диспозитивот на ова мислење со објава од неговиот личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" и за истото да ја извести Комисијата.

НАПОМЕНА: Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација,
Заменик претседател,
Зекир Абдулов

*Доставено до:*

1. -------
2. *Подносителот*
3. *Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk